Врз основа на член 17 став 1, член 20 став 1 алинеја 1 и член 25 од од Законот за судска служба (Сл.весник на Р.С.М. бр.43/14, 98/15, 33/15, 06/16 и 198/18) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административна селекција, на испитите, проверка на веродостојност на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници (Сл.весник на Р.С.М. бр.236/18), ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА на ден 14.12.2021 година,

***О б ј а в у в а***

**Ј А В Е Н  О Г Л А С бр. 1/2021**

***За вработување на 1 (еден) судски службеник на неопределено работно време, за следното работно место:***

**1. Категорија Г, ниво Г3, Судски референт-Извршител во писарница- 1 (еден) извршител-шифра СУД 0101Г03001 ;**

Посебни услови:

-најмалку више или средно образование

-најмалку 1 година работно искуство во струката

-активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици во Европската унија (англиски, француски и германски) и

-активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење

Покрај наведените посебни услови, предвидени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Струга, кандидатот треба да ги исполнува и следните општи услови кои се предвидени во член 21 став 1 од Законот за судска служба и тоа:

-да е државјанин на Република Северна Македонија (државјанство)

-активно да го користи македонскиот јазик

-да е полнолетен

-да има општа здравствена способност за работното место (лекарско уверение) и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност (потврда од суд).

Предвидена основна нето плата за наведеното работно место: 18.836,00 денари; Работни часови неделно: 40; Работно време од 07,30 до

15,30 часот; Работни денови: од понеделник до петок, времетраење на работниот однос е неопределено.

Кандидатите се должни да поднесат пријава за вработување и докази за исполнување на општите и посебните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар.

Во пријавата, покрај доказите, задолжително треба да содржи: име и презиме на кандидатот поткрепени со доказ за лична идентификација, живеалиште, односно престојувалиште на кандидатот, e-mail адреса или контакт телефон.

Рокот за поднесување на пријавите изнесува 15 (петнаесет) дена од денот на објавување на огласот во дневните весници.

Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавувањето.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Пријавата со доказите, кандидатите се должни да ја доставаат непосредно или по пошта до архивата на Основен суд Струга, ул.„ЈНА“ б.б., истата може да се најде електронски на интернет страницата www.osstruga.mk или да се подигне лично во просториите на судот.

Времето и датумот на одржување на административна селекција, испитот и интервјуто ќе бидат објавени на погоренаведената интернет страница на судот.

ОСНОВЕН СУД СТРУГА